# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 48-а став 1 точка 1 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и точка 6 од Одлуката за утврдување на инструментите за обезбедување при спроведување монетарни операции („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/24), Извршниот одбор на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

## Листа на хартии од вредност за спроведување монетарни операции

1. Со оваа Листа на хартии од вредност за спроведување монетарни операции (во натамошниот текст: Листа) се утврдуваат видовите хартии од вредност коишто Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Народната банка) ги користи како инструменти за обезбедување при спроведувањето на монетарните операции, како и коефициентите на покритие.

2. Народната банка како инструменти за обезбедување при спроведувањето на монетарните операции ги користи следниве видови хартии од вредност:

– хартии од вредност за монетарни цели издадени од Народната банка;
– должнички хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија преку примарни емисии на домашниот финансиски пазар по пат на аукција; и
– еврообврзници издадени од Република Северна Македонија на меѓународните финансиски пазари.

3. При спроведувањето монетарни операции за обезбедување денарска ликвидност на привремена основа, Народната банка применува коефициенти на покритие како соодност помеѓу вредноста на инструментите за обезбедување и одобрените парични средства.

Коефициентите на покритие изнесуваат:

| Вид на инструменти за обезбедување | Рочност до достасување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 12 месеци | Над 12 месеци до 3 години | Над 3 до 5 години | Над 5 до 10 години | Над 10 до 15 години | Над 15 години |
| - Хартии од вредност за монетарни цели издадени од Народната банка<br>- Должнички хартии од вредност издадени од Република Северна Македонија преку примарни емисии на домашниот финансиски пазар по пат на аукции | 1.02 | 1.05 | 1.10 | 1.15 | 1.25 | 1.50 |
| - Еврообврзници издадени од Република Северна Македонија на меѓународните финансиски пазари | 1.03 | 1.05 | 1.09 | 1.12 | | |

Доколку при утврдувањето на вредноста на инструментите за обезбедување се применува теоретска цена, покрај коефициентите на покритие утврдени во табелата од оваа точка, Народната банка применува дополнителен коефициент на покритие во висина од 1,05.

4. Износот на хартиите од вредност коишто се користат за обезбедување на одобрените парични средства се пресметува по следнава формула:

$$\text{износ на хартии од вредност} = \frac{\text{одобрени парични средства} * \text{коефициент на покритие} * 100}{\text{цена на хартии од вредност}}$$

При утврдувањето на вредноста на хартиите од вредност коишто се издадени во странска валута и на хартиите од вредност со валутна клаузула или кога одобрените парични средства се во странска валута, се применува средниот курс од Курсната листа на Народната банка на датумот на вреднувањето.

5. Доколку настане изложеност во текот на монетарната операција како резултат на промена на цената на хартиите од вредност, Народната банка има право веднаш да побара дополнително покритие во соодветните инструменти за обезбедување или парични средства.

Минималниот износ над којшто Народната банка бара дополнително покритие е во висина од 0,1% од одобрените парични средства.

6. На денот на започнувањето со примената на оваа листа престанува да важи Листата на хартии од вредност за спроведување монетарни операции („Службен весник на Република Македонија" бр. 152/20 и 3/22).

7. Оваа листа влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 02-7070/5**
**4 март 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер и претседавач на**
**Извршниот одбор**
**на Народната банка на Република**
**Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**